Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ___________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 435-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 22.03.2023 година**

Седницата се одржа на ден 22.03.2023 година со почеток во 10.13 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член;
- **Ханиф Зендели**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Лорета Горгиева**, член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Мери Радевска**, член, оправдано отсутна
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд; писмено го известила Совет дека нема да присуствува
- **Кренар Лога**, министер за правда, уредно поканет.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, Генерален секретар;
- **Јулијана Георгиевска**, Државен советник;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство и тоа:

- Преставник од **Институт за човекови права**;
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата предложи Дневниот ред за 435-та седница и отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави членот на Советот **Ханиф Зендели** кој ја повлече од дневен ред преставката под УПП бр.08-76/23.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор претседателот на Советот **Весна Дамева** предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 431-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.02.2023 година;
   - Записник од 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 13.03.2023 година;
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
3. Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник;
4. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
   - УПП. Бр.402/22, 78/23, 91/23;
   - УПП. Бр. 28/23, 89/23;
   - УПП. Бр. 18/23, 62/23, 90/23;
   - УПП. Бр. 84/23;
   - УПП. Бр. 19/23, 73/23, 82/23;
   - УПП. Бр. 439/22, 463/22, 9/23, 22/23;
   - УПП. Бр. 59/23, 80/23, 104/23;
   - УПП. Бр. 55/23, 86/23;
   - УПП. Бр.456/22, 3/23, 30/23, 81/23, 93/23
5. Разно.

**Точка 1**
**Усвојување на: Записник од 431-та седница; и Записник од 433-та седница**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по Записник од 431-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.02.2023 година.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека во записникот на страна 15 е наведно -Претседателот на советот Весна Дамева ги праша членовите дали да се оди со гласање за првиот предлог, по што членовите со согласија .Колку ме држи сеќавањето иако беше пред скоро три недели вака не се случи на седницата, бидејќи ако сме се согласиле тоа требало да резултира со гласање, гласање за тоа дали да се оди со првиот предлог немаше, туку беше кажано по мое сеќавање дека ќе се стави на гласање првиот предлог бидејќи е даден тој предлог и потоа беше дадено образложение од Ваша страна .Наведе дека ова го отвара затоа што овој записник од седница ќе биде ставен на веб страна на Судскиот совет , ако го усвоеме вака како што ќе го усвоиме. На оваа седница присуствуваа барем 5 камери и точно снимаа што се случува и како се случува. Најдобронамерно е укажувањево со цел да се заштити угледот на Судскиот совет и веродостојноста на записниците кои што ги усвојуваме, бидејќи ова втор пат се случува да кога има камери, кога нешто оди дента на сите медиуми а потоа ние усвојуваме записник кој што не е релевантен на тоа што се случувало. Наведе дека се читаат записниците што ги објавуваме на веб страната, и ако усвоиме ваков записник контрадикторен е со тоа што го снимаа камерите, а за тонскиот запис и да не навлегувам.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** постави прашање до генералниот секретар за тоа кој го изготвуваше овој записник.

За збор се јави Генералниот секретар **Весна Толева** и наведе дека го изготвила Весна Михајловска и рекла дека се е според тонската снимка.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во ред е забелешката на членот на советот Павлина. Меѓутоа точно така беше , се сеќава дека се постави прашање -Дали да се оди со првиот предлог, а со оглед дека никој не се побуни што значи членовите се согласија и затоа е така пренесено, но за да не се доведе под сомнеж било што повторно да се преслуша тонската снимка и да биде така нотирано. Наведе дека по сеќавање го постави како прашање и токму како и сега што го истакна , Дали колеги да одиме со првиот предлог , и некој презборе да.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека претседателот на Советот прашал по кој редослед да одиме, а таа само прозборе како што се поставени.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** кажа дека е во ред штом по првиот , тоа е по сеќавање, но да се преслуша тонскиот запис и точно да биде внеесно за да не се доведе во сомнеж како што истакна Павлина дека и некој друг записник не бил веродостоен. Наведе дека навистина е изненадена бидејќи Судскиот совет одлуките го носи со мнозинство и не би требало да има проблем околку веродостојноста и секој член впрочем да реагира. Се обрати до генералниот секретар како е во тонскиот запис децидно кога претседателот постави прашање Дали да се оди по првиот, дали измеѓу се слуша нешто не, или со првиот, како е кажано така, или молкум одобрување е дадено.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** кој праша дали забелешката е во делот ," По што членовите се согласија", на што членот на Советот **Павлина Црвенковска** му одговори дека и тука недостасува нешто бидејќи по моето сеќавање и тоа што беше презентирано на медиумите не се одвиваше вака на седницата .

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** наведе дека медиумите го дадено тоа што се случи после гласањето и мене не ми текнува дали имаше расправа, дали се става на гласање или не предлогот, но ако зборот се согласија е битен нека се тргне, но сепак да се преслуша тонското снимање за да нема дилема .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека **т**аму како што се сеќавам никој не спореше што значи е дадено одобрување да се оди со првиот предлог.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** повторно да каже дека најдобронамерна е забелешката бидејќи судиите ги читаат записниците како и јавноста., а веќе имаме еден ваков записник каде недостасуваше дел на кој точно јас не реагирав и сега после подолг период се јавувам за збор и реагирам бидејќи втор пат се случува. Мисли дека е многу важно да биде во записникот внесено така како се случуваше заради тоа што сепак е предлог за судија на Уставен суд .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** праша во кој дел е забелешката , дали дека сум прашала дали да се оди со првиот предлог а никој не реагирал значи дека не се согласувате..

Реплицираше членот на Советот **Павлина Црвенковска** дека апсолутно не, но не беше така , случувањето на седницата не беше така.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** за да објасни дека во овој дел не, но ако треба да се дополни во другиот дел кога колешката Лорета побара да се стават сите предлози на гласање, тоа е друга работа. Ова не е спорно дека кажавме првиот предлог да се стави, но ако треба да се дополни и со тоа што Лорета го бара и сите предлози да се стават, тоа е друга работа.

Реплицирање членот на Советот **Павлина Црвенковска** и истакна дека таа тоа не го кажала.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** бидејќи беше прозвана, а претседателката на неколку пати кажа дека никој не реагирал на редоследот можеби добро е да се преслуша тонскиот запис па ќе се слушне дека таа реагирала.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека Лорета реагирала после гласањето и тоа е внесено на записник.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и кажа дека не е така и бара да се преслуша записот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се обрати до службите повторно да се преслуша тонската снимка и ако се слуша било какво неодобрување тогаш зборот се согласија да се тргне, или се слуша некаква реакција , како се слуша така дословно да биде пренесено.

За збор се јави членот на Советот **Павлина Црвенковска** и наведе дека се што е овдека дословно кажано да се внесе во записникот, а не само по што членовите се согласија. Да се внесе што се случуваше и тоа на страна 15, петти став, првата реченица каде стои - Претседателот на советот Весна Дамева ги праша членовите дали да се оди со гласање за првиот предлог, по што членовите со согласија, после ова како прво согласувањето ние го манифестираме со гласање едно, а второ тука недоставува дел на искажување на претстседателот, после ова.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се обрати до Генералниот секретар да се преслуша тонската снимка, но ако членовите кога сум го поставила прашањето дали да се оди со првиот предлог и ако на тонскиот запис не се слуша реакција , ќе остане е одобрено. Значи да се преслуша, и ако во моментот кога го поставила прашањето немало реакција, по донесување на одлуката неможе реакцијата да се однесува на некое претходно дејствие, и нека се внесе се дословно, а тонскиот запис го имате на располагање кај генералниот секретар , сите да го преслушате за токму околу тоа да не се сомневат во јавноста како било и што било. Точно да се преслуша за да знаете дали се што се слуша е внесено на записникот е во ред, а не од медиуми, од сеќавање и тн., да не се доведува во заблуда јавноста.

Откако друг не се јави за збор, претседателот на Советот **Весна Дамева** го повлече записникот од 431 седница за да се преработи. Истакна и ги замоли колегите сите да го преслушаат тонскиот запис, дали било поставено прашањето и дали вие сте реагирале на тоа или сте дале одобрување за да не повторно кога ќе се разгледува повторно да приговараме, а доколку и некој на таа седница сакал да се гласа предлогот може да се предложи да се стави на гласање. Преслушајте дали имало и предлог од членовите да се стави предлогот дали да се оди со првиот предлог, ако имало да се внесе, ако не нема, тогаш одобрувањето е премолчно дадено бидејќи никој не барал збор.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори и расправа по Записник од 433-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 20.02.2023 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање. По гласањето се констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** пред да се премине на следната точка од дневниот ред , се обрати до членот на Советот **Павлина Црвенковска** за да наведе кој записник не бил веродостоен претходно што го напомена бидејќи и како се произнела во однос на истото за да не се проблематизира веродостојноста и усвојување на записниците, за што може сега да произнесе а ако сака и писмено, затоа што смета дека е тоа обврска.

Процедурално за збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** со барање да се продолжи со дневниот ред на денешната седница.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** премина на точка 2 од дневниот ред.

**Точка 2**
**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

По 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека за Јани Нича , судија на Апелациониот суд Скопје се исполнети услови за престанок на судиска функција поради исполнети услови за старосна пензија со навршени 64 години поради што се предлага да се донесе одлука за престанок по наведениот основ , бидејќи на 17.03.2023 година наполнил 64 години старост.

Откако никој не се јави за збор се констатира дека е донесено следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Јани Нича , судија на Апелациониот суд Скопје на 20.03.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** ги праша членовите на Советот дали е доволно да се оди со констатација или и за ова да се гласа. Наведе дека ова го прашува бидејќи се доведува во прашање целокупната пракса и почитување на законските одредби во било која ситуација. Ова бидејќи беше претходно напоменато дека не бил ставен на гласање предлогот дали да оди првиот предлог . Констатира дека членовите сметаат дека треба да се продолжи со констатација при пензионирање и дека нема потреба да се гласа.

**Точка 3**
**Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** ги запозна членовите дека од страна на претседателот на Основен суд Гевгелија доставено е известување за престанок на судиската функција на еден судија портник поради навршени 60 години старост.

Му даде збор на известителот- координаторот на Основен суд Гевгелија членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** .

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** наведе дека по добивање на предлогот од претседателот на Основен суд Гевгелија за исполнување на услови за 60 години старост за судија поротник и по извршен увид во регистарот на судии поротници констатирано е дека судијата поротник Мирјана Спасова Костадинова наполнува 60 години на ден 27.04.2023 година .Имајќи го предвид овој факт како и надлежностите на Судскиот совет од член 36 став 1 алинеја 4 и член 53 став 1 од Законот за Судскиот совет, како и член 26 став 2 од Деловникот за работа на Судскиот совет, предлага на денешната седница да се констатира дека на судијата поротник во Основен суд Гевгелија Мирјана Спасова Костадинова и престанува функцијата на судија поротник на ден 27.04.2023 година. Ова се предлага порано со оглед да не се објавува во Службен весник но за да во судот го имаат предвид и планирање за нејзиниот ангажман при судењата .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по предлогот на известителот.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој смета дека дека е преурането барањето за донесување на одлука затоа што судијата поротник има повеќе од еден месец за престанок и незнае која е причината да се констатира престанок на функцијата поротник кога имаме уште повеќе од месец дена предвид да во пракса до сега не сме постапувале вака.

За збор се јави генералниот секретар **Весна Толева** и истакна дека имало ситуации во пракса да се констатира престанок со точен датум и не е пречка затоа што тоа е интерно меѓу Судскиот совет и судот, а не се објавува во Сл.весник .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека има дилема затоа што во член 53 од Законот нема децидно дека се констатира престанок на прва наредна како кај судиите и лично сметам дека е долг период, ирелевантно е дали се објавува или не, од друга страна и издржано е ова што го изреферира координаторот заради евиденција или план на судот но сепак период од месец дена с е плашам дека поради преуренета одлука на советот да не има влијание врз оние предмети по кои судот ќе постапува тој месец. Тоа би значело ако си знам дека нема да бидам и поинаку да се однесувам. Но ова е нејзино лично мислење и сака да ги сослуша другите аргументи.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** кој мисли дека барањето е преурането, долг период е месец дена и ова известување ќе се има предвид на некоја од наредните седници.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** рече дека би можело пракса да стане и го праша членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** дали има други причини или сознанија од претседателот

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека нема други причини а дека од службите е информирана дека е тоа пракса во Советот и дека имало такви случаи и од тие причини е ставен предлогот на оваа седница, но доколку Советот цени може да се повлече.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** дека во Законот за судови судиите поротници Советот ги именува и разрешува и не е логично денеска да донесеме одлука со која се разрешува со датум на 27.04.2023година.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** постави прашање до членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** дали како координаторот се согласува оваа точка да се повлече од дневен ред.

Членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** се согласи со предлогот .

За збор се јави генералниот секретар **Весна Толева** за да појасни дека во член 80 од Закон за судови на судијата поротник му престанува функцијата што значи ние констатираме престанок.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека има колизија на Закон за судови со Закон за Судски совет терминолошки околу констатирање престанок и разрешување

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека координаторот е согласен да се повлече предлогот, истиот ќе биде ставен на една од наредните седници кога ќе биде пократок рокот да се констатира престанок.

**Точка 4**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по оваа точка од дневниот ред наведе дека со оглед да е присутен подносител на претставката УПП бр.08-19/23, подносител Ацо Стојановски од Скопје по која известител е член на Советот Сашко Георгиев во интерес на странката е да се реферира оваа преставка . Со оглед да прифатлив е предлогот да му се даде предност на членот на Советот **Сашко Георгиев** му се дава збор во својство на известител да пристапи кон реферирање на претставката.

Известителот ја изложи претставката **УПП бр.08-19/23** .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот **.**

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и кажа дека во материјалите не ја гледа изјавата од судиите ,дека има доставено изјава но ја немаме на увид .

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и наведе дека ја нема во скенирани материјали, но може да ја прочита.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека повторно е направен пропуст од службите , не е скенирана во материјали, знам дека можеби државаните советници не ги даваат сите материјали но ова да не се повтори , и во иднина сите материјали да бидат скенирани за да не се доведува било каков сомнеж во прашање.

Членот на Советот **Сашко Горгиев** пристапи кон читање на изјавата од судиите.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** постави прашање до членот на советот Лорета Горгиева дали има нешто по однос на изјавата што ја прочита .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека изјавата требаше сите да ја имаме .Смета дека судиите доволно образложение но сите ние па и странката заслужуваме да ја слушнеме кога немаме прилика барем да ја видиме.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека не е спорно согласно член 13 став 3 од Законот да Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судска одлука, тоа го прави повисокиот суд .Од ова што беше изреферирано од известителот извршени се сите извиди, детално и во изјавата на судиите од кое ми произлегува дека заради немање на соодветна правна помош одредени дејствја се поинкау извршени и спроведени и судиите во самата изјава тоа го наведуваат . Разбира дека финансиски средства се потребни да с е обезбеди правна помош но има некои процесни дејствија каде само стручни лица адвокати може да помогнат .Тука не гледа ништо спорно, судиите одлучувале согласно законот но оние дејствија на кои требало претходно д а бидат поучени остава празнина и се согласува со предлогот на известителот, но тој ќе оди на гласање.

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** и истакна дека судовите согласно својата општа надлежност даваат заштита на првата на граѓаните во случај кога правото е повредено од страна на друг граѓанин. Тоа дава основа со тужба пред надлежен суд да се бара заштита на право за кое граѓанинот смета дека му е повредно од друг граганин и во конкретниот случај е сторено .Тужителот се обраќа со тужба кој има петитум што бара тужителот , често што да стори да трпи , најчесто да се утврди постоење на одреден однос, онаа странка од која с е бара нешто да стори, да трпи или да с е утврди да му признае одреден однос со тужена странка, а тужената страна има право на противтужба и има право ако е незадоволен од одлуката да с е пожали до повисокиот суд .Во конкретниот случај тужениот се препознава во својство на тужител и бара дополнување на пресуда. Ако странката имала потреба да реши одреден однос или заштити свое право ќе се обрати со тужба, а во конкретниот случај странката нема повредно право и е тужен, законот му дава право д а изјави противтужба со која и он бара нешто од тужителот , таквото право во текот на процесната постапка не е искористено и запазено и дополнување на пресуда неможе да бара тужен.Немал иницијален акт во постапката и може само да се согласи со утврдената фактичка состојба, дали нешто треба да се стори, задржи односно она што е диспозитивот на пресудата. Во конкретниот случај смета дека со право повисокиот суд тврди дека е беспредметно барањето за дополнување на тужба на тужениот.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со излагање на претставките. *Се констатира дека претседателот на Советот Весна Дамева ја напушти седницата.*

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** отвори расправа по излагањето на известителот по **претставка УПП бр.08-73/23**.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека и кон оваа претставка нема материјали, на што известителот членот на Советот **Сашко Георгиев** одговори дека нема материјали, и нема барано изјава од судиите.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која смета дека треба да се бара произнесување на судиите .

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** изјави дека **с**екој член цени по претставката дали ќе бара произнесување на судиите , а ако сега од расправата некој мисли дека тоа што го образложил колегата треба уште нешто да ни е појасно може да се бара дополнување, а доколку на колешката Лорета нешто не и е јасно може сега да постави прашање.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** дека нејзин предлог е да се побара произнесување на судиите.

Заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** праша што конкретно да бара, во која насока да се бара произнесување.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** дека претставката треба да се достави на одговор на судиите. Смета дека е еднострано и треба судиите да дадат изјава во своја одбрана. Ако за сите Вас е вака комплетна без одговор, тогаш очигледно јас не знам. Смета дека е еднострано денес без изјава од судиите да одлучуваме за основаноста на претставката .Само бара од колегата да се обрати со барање до судиите на произнесување, и воопшто не се сомнева. Наведе дека неможе да дадам наод за тоа дали е така или не, без повратно од колегите изјава што ќе кажат во однос на претставката. Лично и таа има претставки кои чекаат повратно изјава од судиите и денес не пријавила ниту една затоа што ги чека изјавите од колегите и тоа е наша пракса. Ние вака затвараме без изјава од судиите со службена белешка кога веќе имаме одговорено и во некои други ситуации а не во оваа . Таа така ги чита работите и нејзин предлог е да биде повлечена за да биде доработена предметната претставка.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** да појасни дека лично смета дека со оглед да е завршена постапка со решение и незнае што да бара изјава од колегите и во која насока, што да ги праша судиите и тој цени дали треба да бара или не, но ако има предлог во која насока да бара информација, се согласува .

*Се констатира дека претседателот на Советот Весна Дамева повторно е присутен на седницата.*

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека и тој имал претставка кога во прилог ја има првостепената и второстепената одлука и тука нема што да се бара .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** е на исто мислење. Секој член цени врз основа на кои факти и докази ќе цени да ја констатира состојбата за да го извести Советот. Сите оние што се ирелевантни нема потреба да с е обременува и тоа е дискреционо право на секој од Вас мегутоа кога ќе стигне претставката за реферирање пред Советот должни сте сите да образложите и ова што го кажа е прифатливо и таа да работи претставка исто би го направила , и дека непријатно е Судскиот совет да не знае што бара кога имаме контролник и имаме докази.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека во дел на тоа што бараме како и во сите претстваки ние ги доставуваме на увид на судиите чии одлуки се побиваат и од увид во содржината на претставката самите колеги даваат одговор во своја одбрана. Никогаш барем додека е таа тука 4 години не се сугерирало во кој правец и во кој дел на наводите да одговорат. Тоа е пракса самата претставка се доставува на увид на колегите и тие самите ценат во кој дел и како ке одговорат по наводите од претставката. Во делот на тоа дека е доволно, повторно е на истото, посебно што поднсоител на претставката е општина Тетово. Смета дека самата изјава на колегите во однос на наводите ќе даде до тежина и можеби сите ние ќе имаме поинаква слика за начинот и зошто така е одлучено. Тоа е нејзиниот предлог и да се стави на гласање. Наведе дека мисли дека треба да се повлече претставката со барање

изјава и произнесување на судиите во своја одбрана , а доколку не помине, одлуката се носи со мнозинство гласови.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и кажа дека согласно на Законот за локална самоуправа и Законот за управни спорови а бидејќи ја нема во материјалите одлуката на Вишиот управен суд треба да се бара произнесување од судиите, да видиме дали е навистина отфрлена жалбата како недозволена како што е наведено во претставката, Смета дека има потреба од произнесување на судиите, бидејќи нема доволно материјали за да ги цениме наводите дали се основани или не, дали е таква одлуката на Вишиот управен суд како што наведува подносителот.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Горгиев** и изјави дека ја повлекува претставката .

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој наведе дека не му е јасно зашто ќе се бара појаснување. Во одлуката на Вишиот управен суд судиите дале доволно образложение зошто така одлучиле и дополнително , да не се бара изјава од судиите, но добро е да се повлече , да се умножат материјалите и да се скенираат и тука надлежноста на Советот е да процени за тоа каква одлука е донесена односно зошто повисокиот суд одлучил жалбата да ја отфрли поднесена од градоначалникот а преку полномошник анагажиран со договор за дела, ова го знам како судија на Основен суд Тетово дека општина Тетово со години ја застапуваат ангажирани полномошници и тука треба да се запрашаме зашто повисокиот суд одлучил градоначалникот да го застапува Државното правобранителство. Во тој дел треба да посветиме внимание.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека треба да се гледаат сите факти и аргументи кон претставката, а да бараме изјави и да го немаме предвид фактот дека одлуката на која е изразено незадоволството е од 10.12.2019 година и сите рокови се поминати, па и рокот од 3 години. Еве и доколку Советот утврди неправилност што ќе се процесуира што ќе се испитува, кога дел од судиите се пензионирани од Советот, а поминал и рокот од 3 години за превземање на дејствија. Се согласува и со повлекување на претставката но ќе е бесцелно а ќе гласа само заради тоа да не биде дека неприфаќа, но не ја гледа ниту целта ниту причината освен да се одолговлекува постапката по одредена претставка.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која истакна дека многу и е драго кога слуша денес дека во услови кога се работи за одлука за која нема простор да се бара одговорност од судии дека нема потреба да правиме подетални испитувања бидејќи на некои претходни седници навистина ни беше доставена на увид и разгледување со Ваше резолирање да се разгледа како претставка, одлука која беше надвор од сите рокови и добро е што сте го согледале тоа и дека нема потреба да дополнително се прават извиди за тоа што излегува од рамките на тоа што како овластување го имаме како Судски совет. Повторно кажа дека ни е ставена на одлучување и гласање претставка во која воопшто нема материјали, само гола претставка .Во самата претствака на крај стои во прилог копија од решенија на Управен суд и тековна состојба, а такво нешто ние во материјали за седница за одлучување немаме. Доколку можеби ги имавме на увид предметните материјали за кои стои дека се во прилог на претставката, можеби немаше да бара произнесување од судиите кои одлучувале. Со оглед да имаме некомплетни материјали на одлучување, како ќе одлучуваме по оваа претставка .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека на место е забелешката.Се обрати до генераниот секретар со барање ова да не се повтори, со оглед да на неколку пати веќе во однос на некомплетноста на материјалите кон претставките за седница како во конкретниот случај .

Во однос на комплетноста на материјалите се заклучи дека секој член на Советот заедно со државниот советник да проверат што како материјал треба да се даде кон претставката за седница.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** дека ја повлекува претставката УПП бр.08-73/23 и да ги прибави материјалите.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека дискреционо право е на членот дали ќе бара изјава од судиите, но добро е во материјали да ја имаме одлуката на судот за да евентуално по одлуката на Советот по претставката истата да се проследи до координаторот за следење на Вишиот управен суд и ако е така како е наведено од подносителот во претствката, ова е сериозна работа која Советот треба да ја знае со овој суд.

Членот на Советот **Сашко Георгиев** продолжи со излагање на претставката **УПП бр.08-82/23** .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека повторно на одлучување и гласање е ставена претставка кон која нема друг материјал за да се ценат наводите а од содржината стои дека е поднесена од Никола Батев застапуван од Анета Батева, сопруга поранешен адвокат, а на крај кај потпис стои во име на подносителот. Ние донесовме заклучокот на Советот дека кога се поднесува во име на друго лице дека ќе се бара полномошно а во материјалите нема полномошно од застапникот а од излагање на известителот дека се однесува на иста правна работа но различни наводи и новини кои претходно не биле расправани во претходни преставаки пред Советот. Прво и основно што ми и се поставува какао прашање дали може да се впушта Советот во расправање без полномошно, а потоа во наредна фаза испитување на наводите . Смета дека треба да повлечена и оваа претставка на доработка.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и изјави дека ја повлекува претставката УПП бр.08-82/23 .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** се заблагодари на разбирањето, во интерес на колегијалноста.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека не се работи за колегијалност, туку дали ќе се држиме до заклучокот за полномошно или не.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по расправата, го стави на гласање предлогот на известителот по изложената претставка УПП бр.08-19/23 .

По гласањето констатира дека едногласно, со 12 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

**Претставка УПП бр.08-19/23** во која подносителот изразува незадоволство од начинот на постапување на судии од Апелационен суд Скопје по предметот ГЖ.бр.4352/21. Судиите на Апелациониот суд Скопје кои одлучувале во жалбена постапка, одлуката ја донеле врз основа на оцена на сите околности и докази во согласност со Законот за парничната постапка. Донесената одлука е јасна и содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле судиите при донесување на истата. Од изјавата на судиите кои одлучувале по предметот на кој се однесува преставката се утврди дека одлучувале по предмет ГЖ.бр.4352/21 оформен по жалба вложена од Ваша страна против одлуката на Основниот граѓански суд Скопје ПЛ1-П – 250/21 од 24.09.2021 година, при што жалбата била одбиена со пресуда ГЖ.бр.4352/21 од 30.11.2022 година. Неосновани се наводите од преставката дека при одлучувањето судиите постапиле спротивно на чл.330 ст.1 од ЗПП од причини што од списите на предметот произлегувало дека во својство на тужен во постапката подносителот на преставката доставил барање за дополнување на првостепената пресуда. Со оглед да се работело за наводи и приговори кои биле ценети од првостепениот суд, а кои се повторувале и во поднесената жалба, второстепените судии одговориле на истите, односно одлучувале по предметот бидејќи биле исполнети условите за одлучување по жалба, при што како совет одговориле на сите жалбени наводи истакнати од страна на подносителот на преставката. По однос на предлогот за носење на дополнителна пресуда истакнат од подносителот на преставката истиот е беспредметен во

смисла на чл.329 ст.1 од ЗПП. Ова од причини што во наведената постапка подносителот има својство на тужен, а не на тужител. Во конкретниот случај барање за донесување дополнителна пресуда може да бара иницијаторот на постапката, т.е. подноситеот на тужбата – тужител по чие тужбено барање се постапува. Подносителот на преставката како тужена страна во спорот има право да истакнете одредени барања во текот на постапката, кое нешто и го сторил. Истакнатите барања од подносителот на преставката не биле од таков карактер за кои законот задолжително бара донесување на дополнителна пресуда. Ова од причини што станува збор за барања од процесен карактер кои се однесувале на начинот на водење на постапката пред првостепениот суд и како такви биле предмет на оцена на првостепениот суд. Согласно одредбите од Законот за судовите, судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување – преиначување, менување или укинување на одлуките донесени од страна на надлежните судови. Во конкретниот случај неспорно е дека подносителот на преставката го искористил правото на контрола, односно првостепената одлука ПЛ 1 П.бр.250/21 од 24.09.2021 година по повод изјавена жалба од негова страна била на преоцена пред второстепениот Апелационен суд Скопје, кој врз основа на сите факти и докази донел одлука заснована на закон.Врз основа на утврденото Советот не најде елементи за нестручно и несовесно постапување на судиите од Апелационен суд Скопје по конкретниот предмет

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **МИРЈАНА РАДЕВСКА СТЕФКОВА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавени претставки.

По излагањето на Претставката УПП.бр.08-402/22 претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека кон претставаката не се скенирани други материјали освен претставката, а ако денес може да цениме и да се произнесеме по наводи од претставка смета дека треба да ги имаме материјалите. Не во тоа дека некој се сомнева во тоа што го елаборира но несеризоно е да немаме материјали за седница за да се произнесеме Од друга страна дополнително постави прашање. Видно е дека е поднесена од адвокат во име на странката , и дали треба да бараме полномошно , но ако има не е скенирано полномошното во материјалите .

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која изјави дека **н**икогаш полномошно до сега не сме скенирале, и не гледа причина бидејќи има полномошно подносителот, а ако нема јас ќе ви го кажам тоа.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и со оглед дека го нема во материјали, незнае дека има полномошно од подносителот.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која наведе дека не се скенира полномошното затоа што смета дека тоа го изнесува усно . Ако Советот донесе одлука дека се што е во прилог на претставката треба да се скенира и да се дистрибуира до членовите да се договориме да имаме таков став . Со оглед да таа и до сега реферала и не е првпат, доколку има таков став дека и тоа полномошно треба да се скенира нема проблем ќе се достави. Се извини за одговорот од судот што не го достави во материјали но примен е во Судски совет на 20.03.2023 година, а со оглед да од денес е на работа и е во последен момент, а се разбира дека треба да биде скениран како материјал и доставен до членовите. Наведе дека ако смета Советот, да имаме еднаков став и да се произнесеме во однос на полномошното.

За збор се јави членот на Советот **Сашко Георгиев** и кажа дека беспредметно е за суштината се да се скенира .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека суштината е час поскоро да се одговори и од 2022 година да нема незавршени претставки, а ажурно Советот да постапува пред судовите, но очигледно дека не се воедначени во ставот и ќе се одлагаат претставките .

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и истакна дека ова е различна ситуација од претходните претставки и ние имаме заклучок за да се има полномошно, но немаме заклучок да се скенира полномошно и не треба да да скенираат сите материјали и секој од нас може да го дигне полномошното. Во однос на одговорот од претседателот на судот ние може да одлучуваме по претствката бидејќи ни беше прочитан, а со оглед на тоа што ни беше изложено од известителот значи немало можности да се скенира. Нејзиниот став е дека има услови денес да одлучуваме по претставката. Друго е прашање е како ќе одлучуваме основана или не имајки го предвид произнесувањето на претседателот на судот по наводите во претставката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и смета дека кога веќе се впуштивме и донесовме заклучокот со кој ќе бараме полномошно смета дека не е небитно да ни биде скенирано полномошно и да ни биде дадено на увид бидејќи смета дека тоа е првиот услов за да натаму пристапиме по разгледување на наводите во претставките .Нејзиниот предлог е задолжително, бидејќи е донесен формален заклучок смета дека полномошната треба да се скенираат, дека не треба да се елаборираат , смета дека треб а да ги имаме во материјалите , ако ова ни е прв услов за понатаму ние да постапуваме по истата. Претходно имавме случаиј кога отфрлавме односно затвараме претставки со службена белешка кога не ни беше доставено полномошно кое го баравме од странката. По однос на наводите кои ни беа изложени и одговорот од Основен кривичен суд Скопје смета дека со оглед на фактот дека се работи како кажа и колешката Мирјана за колегата кој е починат безпредметно е бидејќи надлежност е во овие претставки да утврдиме дали конкретниот судијата има некакви пропусти за да се бара одговорност. Но важно е да се одговори за да странката си ги реализира своите права за кои е поднесена претстваката и упатено до претседателот на Основен кривичен суд..

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој смета дека Советот во секојдневното работење има премногу формалности и сите се обременува со формалности. Во однос на барањето полномошно имаме заклучок во врска со ова полномошно, понатака тоа останува како процесно дејствие лична одговорност од членот кој работи по претставката . Смета дека апсолутно не е потребно полномошното да го види и од него да дознае за што е претствката поднесена. Мегутоа несака да верува дека било кој од нас ќе прикрива одредни факти , апсолутно полномошното не е потребно, тоа е дали поднесниот поднесок исполнува услови да биде земен во работа од страна на членот на кој му паднала оваа претствака. Во другиот дел видно од содржината на претставката и од одговорот дека години уназад имаме неисполнето барање на странката, односно непостапено од судот а при тоа се исполнети условите кога со години му е држана патната исправа неосновано, а покрај тоа и парични средства. Неговиот предлог е оваа претставка да е основана и да се даде на координаторот на Основен кривичен суд Скопје на натамошно преиспитување зошто тој совет толку години не постапувал по барањата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека тука се повредува и уставното право на движење па не треба да има ни ден граѓанин да остане без патна исправа ако не е законски поткрепено.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го ставам на гласање предлогот на членот на Советот **Лорета Горгиева** : Дали членовите на Советот сметаат предлогот во иднина членовите на Советот со претставките да ги доставуваат и полномошната, бидејќи во тој заклучок не е, па еве таков предлог има да не остане дека игнорирам одредени членови го ставам на гласање дали да има полномошно или не во смисла на одлучување понатамошно. Во скенираните дали да стои полномошното.

По гласањето констатира дека со 3 гласа „За“ и 9 гласа „Против“ не е прифатен предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева и** предложи да се донесе заклучок дека немаме обврска да ги скенираме полномошната.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** одговори дека тоа е заклучокот:

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека Судскиот совет не го прифати предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева и донесе

ЗАКЛУЧОК

Судксиот совет смета дека во материјалите не треба да биде скенирано полномошното бидејќи истото е ирелевантно за одлуката на Судскиот совет по однос на наводите во претставката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** д за да побара дополнување и смета дека треба точно да се нотирате нејзиниот предлог и одлуката на Судксиот совет.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** истакна дека одлуката е веќе донесена и да не се доведува во ситуација по донесување на одлука, процедурално да се реагира.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и кажа дека корегира во начинот како се формулира заклучокот. Незјиниот предлог е да се скенират во материјалите полномошната кога се поднесени од страна на полномошници за кои Советот донесе заклучок дека задолжително ќе мора да бидат во прилог на предметите и дека доколку нема полномошникот кој ја поднел во име на странката претстваката, дека таквите нема да ги земаме предвид и предметите ќе ги затвораме со службена белешка .Тоа е предлогот а не за било какво полномошно , тоа е разликата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по однос на донесениот заклучок останува во сила претходно донесен од Советот, а по однос на ова Советот не го прифати предлогот така да нема потреба од донесување на заклучок. Наведе дека Советот не го прифати предлот на членот на Советот Лорета Горгиева во прилог на материјалите да биде облигаторно доставување на скенирано полномошно, освен ако некој го достави.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дека треба да се докажете до крај во кои случаи затоа што нема содржина вака како што е диктиран заклучокот. И да не се носат несоодветни одлуки и заклучоци затоа што не се диктира до крај тоа .Според неа поентата не е за било какво полномошно.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека за да се зачува нивото нема да реплицира .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека нивото е знаење и стручност.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во овој момент членот на Советот Лорета Горгиева упати навреди индиректни спрема претседателот на судкиот совет, тоа да се нотира наведувајќи дека нивото е стручност и како кажа.

Реплицираше членот на Советот **Лорета Горгиева** дека е кажано за себе.

За збор се јави членот на Советот **Мирсад Суроји** и побара пауза .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** извести дека судијата Зоран Герасимовски бидејќи имаме седница а таа има подоцна средба со мегународна заедница кој неможе да го откаже од кои причини членот Герасимоски ќе присутвува на Собранието на чиј дневен ред е предлогот на Советот за избор на судија на Уставниот суд , предложи прво да сео сослуша Зоран Герасимовски, зашто што од 12 часот треба да биде на Собрание .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека пред да почне судијата Зоран да каже дека се надева дека точно во тонскиот запис ќе стои се за да се види на која адреса и што е кажано од нејзина страна.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **ЗОРАН ГЕРАСИМОВСКИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки .

Известителот ги изложи пријавените претставки.

*Се констатира дека членот на Советот Мирсад Суроји ја напушти седницата*

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП. бр. 08- 18/23, УПП бр. 08-62/23, и УПП бр.08-90/23 .

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП.бр.08-18/23.** Претставката е неоснована. Во претставката подносителот наведува дека постапката започнала пред Нотар со доставување на Предлог за донесување на Нотарски акт врз основа на веродостојна исправа од 07.12.2021 година до неа. Потоа надлежниот Нотар издал Решение за издавање на нотарски платен налог НПН.бр.78/2021 од 10.12.2021 година со кое го усвоил преложениот нотарски платен налог. Тужените незадоволни од ваквото решение сега тужените поднеле навремен приговор. Потоа пред Основниот граѓански суд Скопје е заведен предмет ПЛ1.П.бр.2/22, за долг во износ од 797.559,00 денари каде подносителката е тужител. На рочиштето за главна расправа на 29.11.2022 година сте истакнале приговор по однос на доставено вештачење од полномошникот на тужените сметајќи дека е во спротивност со ЗПП, меѓутоа судијата донела решение во кое навела дека наводите на тужителот се однесувале на редовната парнична постапка, а не на постапка по приговор по платен налог односно приговорот на тужителот-подносителот по однос на вештачењето го одбил. Според подносителката судијата постапувала спротивно на кодесот за етика, спротвино на правната професија, спротивно на обезбдување на еднаквост во постапката како и спротивно на стручноста и совесноста. Според правното мислење на Врховниот суд на РСМ подносителот наведува дека должникот во приговорот е должен да ги наведе фактите и доказите во побиваниот дел на решението, доколку во приговорот се наведени доволно образложени и основани причини, со кои ќе стори веројатно дека не бил во можност нив да ги изнесе во приговорот односно фактите и доказите (и вештачењето) може да ги изнесе на подготвително рочиште. Приговорот бил доставен на 29.12.2021 година, а вештачењето било доставено после повќе од 9 месеци, што било спротивно на одредбата дека постапката по платен налог требало да заврши за 6 месеци. На првото рочиште од 07.03.2022 година тужените не изнеле никакви факти ниту доставиле докази, на второто рочиште од 11.05.2022 година исто така не изнеле никакви факти ниту доставиле докази, на третото рочиште од 21.09.2022 година тужените го известиле судот дека претходниот ден доставиле вештачење. Според подносителката во вештиот наод и мислење како датум на вештачење бил наведен од 15.08.2022 година до 05.09.2022 година, а како даум на извршување бил 19.09.2022 година кое нешто не било спорно, но исто така неспорно било дека полномошникот на тужените на двете рочишта од 07.03.2022 година и 11.05.2022 година не доставил никакви докази како поткрепа на паушалните наводи. И на крај, сметате дека доставата на вештачење на третото рочиште од 21.09.2022 година (после речиси 10 месеци од доставениот приговор) е незаконита, заради што сте предложиле истото да не биде изведено како доказ, меѓутоа судијата го донела решението на записник од 29.11.2022 година со кое во кое навела дека наводите на тужителот се однесувале на редовната парнична постапка, а не на постапка по приговор по платен налог односно приговорот на подносителката бил одбиен. Од увидот во претставката, прилозите на истата и одоговорот на судијата, Советот најде дека последно закажано рочиште по предметот е на 21.03.2023 година и по донесување на мериторната одлука, доколку подносителката е незадоволна истата има право на жалба до второстепениот суд, па воедно бидејќи наводите во претставката преставуваат жалбени наводи истите ќе ги има предвид второстепениот суд и ќе ги цени како такви при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги

испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претставка УПП.бр.08-62/23.** Претставката е неоснована. Во претставката подносителот наведува дека во постапката по предметот на Основен суд Битола ТС.бр.5/21 истиот е тужен, а тужител е Стопанска банка АД Битола. Укажува дека најпрво предметот бил заведен пред Основниот суд Битола под ТС.бр.26/17. На 24.12.2020 година судот донел пресуда со која Ве задолжил да му платите на тужителот износ од 664.995,00 денари со ЗКК, а поголемото барање го одбил како неосновано. Потоа двете странки поднеле жалба и второстепениот суд со решение ТСЖ.бр.105/21 од 01.07.2021 година ја укинал ваквата пресуда. При повторно постапување предметот пред Основниот суд Битола добива нов број ТС.бр.5/21. Судот на ден 30.12.2021 година донел пресуда со која Ве задолжил да му платите на тужителот износ од 664.995,00 денари со ЗКК, а поголемото барање го одбил како неосновано. Потоа двете странки повторно повторно поднеле жалба и предметот е заведен под ТСЖ.бр.100/22. Второстепениот суд постапувајќи по жалбите одржал јавна расправа на 25.11.2022 година во присуство на странките, а на ден 05.12.2022 година, донел пресуда, во дел I, со која жалбите на странките ги одбил како неосновани и првостепената пресуда во став 1, став 2 и став 3 – за одбиеното поголемо барање за период од 14.08.2017 година до 29.12.2021 година ја потврдил, додека пак во делот II жалбата на тужителот ја усвоил и првостепната пресуда ја преиначил и го задолжил подносителот да му плати на тужителот на име надомест на штета покрај досудениот износ од 664.995,00 денари, уште 2.413.592,00 денари или вкупен износ од 3.078.587,00 денари, а за разликата од досудениот до бараниот износ од 6.205.162,00 демари го одбил како неосновано. Наведува дека доказите во постапката пред второстепениот суд биле еднострано ценети, а неговите приговори биле без успех истакнати односно произлегува дека не поднел никаков приговор. Според него второстепениот суд ваквата одлука ја засновал на единствено на мислење на супервештачењето од економска област, одредувајќи ја висината на штетата односно испуштената корист единствено врз основа на придонесот на тужениот. Ваквата примена на член 181 од ЗОО второстепениот суд, за разлика од првостепениот суд, ја применил и во делот на тужбеното барање за испуштена корист без при тоа правилно да ги утврди околостите дали има испуштена корист и во кој износ. Судот воопшто не ги имал предвид наводите во првостепната пресуда како и одговорот на жалбата дека нема основ за досудување надомест на штета по основ на испуштена корист. Во текот на постапката имало 3 вештачења. Едно од градежна област, едно од електро област и едно од еконмска област. Потоа било направено и супервештачење од национална групација за супервештачење. Според него согласно договорите, дел од супервештачењето видно е дека бил предвиден рок од 60 дена за извршување на сите работи кое нешто било направено во предвидениот рок. При една вава состоја кога од материјалните докази произлегува дека објектот можел комплетно да се реновира во рок од 60 дена единствена логична причина на второстепениот суд кој прифаќа рок од 6 месеци за санација на оштетувањата на објектот е да го оправда досудувањето на испуштената корист. Испуштената корист била досудена само врз основа на еден доказ односно супервештачењето, на кое имало многу приговори, а ниту еден одговор. Супервештачењето од економска област било само обична проста математичка операција и изготвено врз база на претпоставки на самиот тужител. На одржаната јавна расправа второстепениот суд не направил распит на вешти лица и покрај тоа што истото е паушално. Исто така наведува дека првостепениот суд правилно оценил дека после денот на протекување на водата тужениот бил во пасивна состојба спрема тужителот и немал никакво влијание врз неговата деловна активност. Во наредниот период од 6 месеци менаџирањето на работата на тужителот ја вршел исклучиво тој и тој е одговорен за постигнатите позитивни или негативни резултати. И на крај, сметате дека не постоел ниту еден единствн доказ дека кој укажува на тоа дека тужителот се реорганизирал за да ја намали штетата. Од увидот во претставката, прилозите на истата и одоговорот на судечкиот совет на второстепениот суд, Советот најде дека согласно вредноста

на спорот подносителот има право на ревизија до Врховниот суд на РСМ, па воедно наводите во претставката третостепениот суд ќе ги има предвид и ќе ги цени како ревизиски наводи при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претставка УПП.бр.08-90/23.** Претставката е неоснована. Во претставката подносителот наведува дека е оштетен во постапката по предметот на Основен суд Тетово К.бр.55/23 каде обвинет бил Дашмир Јонузи од с.Палатица. Се работело за кривично дело Тешка телесна повреда бидејќи на 14.08.2022 година околу 23,35 часот обвинетиот тешко телесно ве повредил во пределот на лицето односно скршување на носната коска со изместување. Судот му изрекол алтернативна мерка на обвинетиот – условна осуда со тоа што му утврдил казна затвор во траење од 6 месеци која нема да се изврши доколку обвинетиот за време од 2 години од правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело, која за него преставувало мала изречена казна. При изрекувањето на пресудата, судот утврдил олеснувачки околности односно истиот не бил осудуван, но според подносителот обвинетиот бил порано осудуван на ефективна казна затвор заради убиство. Понатаму судот утврдил дека спрема обвинетиот не се водело постапка за други кривично дело, меѓутоа се поставувало прашањето од каде го утврдил тој факт. Во текот на постапката судот воопшто не дал важност на исказот на оштетениот дека се приклучува на кривичниот прогон. Наведува дека судијата постапувал нестручно, несовесно и непрофесионално. И на крај, судот утврдил дека обвинетиот бил со слаба материјална и имотна состојба односно безимотен, но според него цел град знаел дека обвинетиот е добро имотен, поседува подвижен и недвижен имот, работи во Австрија и има високи приходи. Оттука сметате дека судот повеќе се грижи за обвинетиот отколку за Уставот и Законот. Од увидот во претставката и согласно одредбите од Законот за кривичната постапка, Советот најде дека наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, а подносителот како оштетен во кривичната постапка по предметот К.бр.55/23 на Основниот суд Тетово има право на жалба до второстепениот суд како и Јавниот обвинител, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **МИРЈАНА РАДЕВСКА СТЕФКОВА** во својство на известител да продолжи кон реферирање на другите пријавени претставки.

*Се констатира дека членот на Советот Зоран Герасимовски ја напушти седницата, а членот на Советот Мирсад Суроји се врати на седницата.*

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека со оглед да при реферирање на претставката имаше предлог со заклучок дали членовите сметаат дека предлогот на членот на Советот Лорета Горгиева кој не помина дека треба да с е носи дополнителен заклучок или го подржуваат предлогот дека со тоа не е донесен предлог и нема потреба понатаму што да се објаснува.Побара одобрување не со гласање , дали кога еден предлог не е донесен со мнозинство гласови треба понатаму содржината да се диктира и тн.

Процедурално за збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми и** наведе дека денеска не ни е на дневен ред тоа, па побара да се продолжи со судијата Мирјана Радевска врз основа на претставите што ги има,а во однос на предлогот што се бараше истиот помина.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека бара само да се нотира точно што бара и кој е нејзиниот предлог што е одбиен.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека како е кажано на тонскиот запис од членот на Советот Лорета Горгиева така да се нотира предлогот , што предлага и сите нејзини наводи, а со оглед да предлогот не се усвои бидејќи мнозинството беше против и тука завршува постапката.

За збор се јави членот на Советот **Мирјана Радевска Стефкова** која наведе дека беше прекината со реферирање на претставката УПП.бр.08-402/22 поради носење на заклучок дава предлог истата да биде основана и да се достави до координаторот на Основен кривичен суд Скопје,

Членот на советот **Мирјана Радевска Стефкова** продолжи со излагање на другите претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП.бр.08-402/22, УПП.бр.08-78/23 и УПП.бр.08-91/23

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП.бр.08-402/22.** Претставката е основана. Подносителот наведува дека на 25.10.2019 година поднел барање за враќање на патна исправа и поврат на привремено запленети парични средства на обвинетиот, поради тоа што постапката која се водела против обвинетиот по предметот КОК.бр.54/14 завршила на начин што јавниот обвинител го повлекол обвинителниот акт, по што судот донел одбивателна пресуда која станала правосилна на 17.11.2015 година. Барањето добило број КОК-КР.бр.352/19 и судот донел решение со кое го одбил како неосновано барањето за враќање на патна исправа и поврат на привремено запленети парични средства. По поднесена жалба второстепениот суд донел решение КСЖ.бр.32/20 од 28.08.2020 година, со кое ја уважил жалбата и решението го укинал односно предметот го вратил на повторно одлучување пред првостепениот суд. Предметот добил нов број КОК-КР.бр.340/20, но после повеќе од 2 години полномошникот и подносителот не добиле никако одговор, а на 08.11.2021 година до судот доставил и барање за известување за тоа дали е постапено по предметот. На 02.06.2022 година поднел и писмена ургенција до Претседателот на судот. Согласно наведеното, подносителот 7 години нема патна исправа, ниту пак може да извади нова. Од увидот во претставката, прилозите на истата и увидот во сотфверската апликација - Контрола на судови, Советот најде дека предметот бил распределен на судија на 02.09.2020 година и дека е донесена мериторна одлука на 18.09.2020 година. Со оглед на тоа дека повеќе од 2 години полномошникот и подносителот не добиле никаков одговор, а на 08.11.2021 година полномошникот до судот доставил и барање за известување за тоа дали е постапено по предметот, како и писмена ургенција до Претседателот на судот на 02.06.2022 година, по кои не добил никаков одговор, ниту пак Советот доби одговор дали има постапување по конкретниот предмет, како и доколку е донесена одлука дали истата е доставена, претставката е основана. Од овие причини Судскиот совет на Република Северна Македонија, во врска со предметот КОК-КР.бр.352/19 на Основниот кривичен суд Скопје, ќе преземе дејствија согласно законските надлежности. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претставка УПП.бр.08-78/23.** Претставката е неоснована. Подносителот наведува дека Министерството за транспорт и врски на РСМ на ден 25.06.2020 година го поништило решението У1.бр.21-1321-л од 24.08.2011 година Сектор за урбанизам при Општина Ѓорче Петров бидејќи не постапил по пресудатаУЖ-1.бр.154/2020 на Вишиот Управен суд Скопје односно постапил спротивно на насоките на управниот орган и судот. При повторно одлучување Управниот суд не му дозволил на подносителот да се произнесе во врска со доказите и наводите во тужбата, туку

веднаш пристапил кон одлучување како што сметал судот. Поради тоа доставил претставка и до претседателот на Управниот суд. Одговорот го добил на 03.03.2022 година. Исто така на записник побарал и изземање на судијата. И на крај, Вишиот Управен суд Скопје УЖ-1.бр.498/2022 донел пресуда со која ја одбил жалбата како неоснована и ја потврдил пресудата на Управниот суд. Со наведеното незаконско постапување на подносителот му била причинета штета во износ од 1.000.000 евра. Во прилог доставува решение од Општина Сарај,со кое на законит начин било постапено по истоветен предмет како на подносителот пред Општина Ѓорче Петров. Од увидот во претставката и прилозите на истата, Советот најде дека со донесувањето на пресудата на Вишиот Управен суд Скопје УЖ-1.бр.498/2022 од 04.01.2023 година подносителот го искористил правото на правен лек - жалба по предметот У-3.бр.524/2021 на Управниот суд Скопје со што постапката е правосилно завршена. Согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

**Претставка УПП.бр.08-91/23**. По член 11. Известување до странката и службена белешка. Подносителот доставил 3 посебни претставки, од кои 2 за судиите на Основен суд Куманово по предметите К.бр.628/17 и Кс.Кр.440/21, а 3-та претставка е за работата на Јавното обвинителство во Куманово. По однос на предметите К.бр.628/17 и Кс.Кр.440/21 на Основен судКуманово, подносителот, како татко на починатото 6 годишно дете, неговиот син Петар, изразува незадоволство од одлуките на судот како и дека синот го изгубил животот поради невнимателност, несовесност, нечесност и неодговорност на обвинетиот Бобан Додевски и други физички и правни лица обвинети за кр. дело од чл. 292 ст. 4 в.в. со чл. 288 ст.4 в.в.ст. 1 од КЗ.Истиот бил осуден на минимална казна во траење од 1 година затвор. Наведува дека кривичниот совет на ОС Куманово по барање на обвинетиот за преиначување на пресуда без повторување на постапката, ефективната казна затвор ја заменил со условна осуда . Воедно и ЈО Куманово не вложило жалба на решението за условна осуда.Обвинетиот е богат бизнисмен и сега слободно шета по градот. Ја наведува и анализира медицинската документација за обвинетиот,која била причини за намалување на казната односно според подносителот обвинетиот не боледувал од тешка малигна болест. Од увидот во 2-те претставки за работата на Основниот судКуманово по предметите К.бр.628/17 и Кс.Кр.440/21, прилозите на истите и изјавите на судиите, Советот најде дека за исти факти и околности подносителот е веќе известен по претставка заведена под УПП.бр.08-660/21 на 09.02.2022 година од седницата одржана на ден 31.01.2022 година. Бидејќи во овие 2 нови претставки од 27.02.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, во смисла на чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Сл. весник на РМ”бр.82 од 8 јули 2008 год.), постапувањето од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија нема да се повтори. Особено што поднесените претставки се однесуваат за истите правосилни одлуки на Основниот суд Куманово, со тоа што подносителот со сега поднесените претставки прави анализа на медицинската документација приложена од обвинетиот, која била ценета во донесените одлуки. По однос на 3-та претставка за работата на Јавното обвинителство во Куманово, Советот му укажува на подносителот дека Судскиот совет на РСМ согласно своите законски надлежности не е надлежен да ја испитува работата на Јавните обвинители, туку за тоа надлежен орган е Советот на јавни обвинители. Поради наведеното, истата е препратена до надлежниот орган, Советот на јавни обвинители.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **ХАНИФ ЗЕНДЕЛИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП бр.08-28/23 и УПП. бр.08-89/23 .

*Се констатира дека членот на Советот Ивица Николовски ја напушти седницата*

По гласањето констатира дека едногласно, со 10 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП бр.08-28/23** констатира дека со Известување УПП бр.08-432/22 од 13.12.2022 година подносителот веќе е известен по однос на наводите од претставката. Со оглед на околноста дека ново поднесената преставка, заведена во Советот под УПП бр.08-28/1 од 24.01.2023 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведуваат нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за повторно постапување по преставката, заради што предметот се смета за завршен и истиот се архивира со службена белешка.

**Претставка УПП. бр.08-89/23** подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судии на Основен суд Битола по предметите К.бр.128/23 и К.бр.517/22. По направените извиди и извршениот увид во приложените докази се констатира дека судиите при постапување по предметите К.бр.128/23 и К.бр.517/22 не сториле повреди на законските одредби и од страна на Советот не се најдени елементи за нивно нестручно и несовесно постапување по конкретните предмети. Имено, и во двата предмети од страна на судиите е постапено согласно одредбите од процесниот закон (Законот за кривичната постапка) и од подносителот на преставката во својство на приватен тужител е побарано во утврден рок да ги отстрани недостатоците во поднесените приватни тужби со напомена дека доколку тоа не го сторите тужбите ќе бидат отфрлени. Во предметот К.бр.517/22 како од страна на подносителот на преставката не е постапено по даденото укажување, односно приватната тужба не е исправена и дополнета судијата која постапувала по предметот донела решение К.бр.517/22 од 23.02.2023 година со кое приватната тужба е отфрлена.Предметот К.бр.128/23 по кој е во тек и се наоѓа во фаза на укажување за уредување на приватната тужба кое на ден 24.02.2023 година е експедирано до подносителот на преставката како подносител на приватната тужба и по кое треба да постапи. И во двата предмети подносителот на преставката има можност да го искористи правото на контрола на одлуките-решенијата донесени во прв степен од страна на судиите на Основен суд Битола, кое нешто видно од доказите доставени од подносителот на преставката е искористено во предметот К.бр.517/22 со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да ги преиспитува судските одлуки. Судска одлука може да се менува или укинува само од страна на надлежен суд во постапка пропишана со закон. Со оглед на наведеното Советот најде дека претставката е неоснована.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека членот на Советот Лорета Горгиева нема пријавено претставки за оваа седница.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и побара да се произнесе.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** изјави дека нема потреба од произнесување туку само констатира дека нема пријавени претстваки .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** за да каже од кои причини нема пријавено претставаки. Ова бидејќи претстваките по кои има доставено барање одговор од судиите нема вратено назад , само една претставка има вратено изјава од судијата мегутоа истата нема да ја реферира се додека не помине Извештајот за Основен суд Кавадарци, бидејќи

се работи за претставка за судија за кој  претходно реферираше колешката Мирјана, а имаме повеќе претставаки за истиот судија и дека беше предмет на разгледување при работната посета во Основен суд Кавадарци. За да не се најдеме во контрадикторност и да реферира и утврдува нешто различно од тоа што утврдила Комисијата од работна посета ќе сочека на извештајот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева**  наведе дека се  повредува Деловникот и дека кажала да  нема пријавени  претставки а причините Советот ќе ги гледа кога ќе ги  реферира претставките и ќе се констатира дали навремено е постапувано, дали извиди се извршени, дали има полномошно и тн.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и наведе дали сакате да кажете дека ќе биде предмет на оценка мојата работа по претставката.

Претседателот на Советот **Весна Дамева**  изјави дека е работата по однос на претставките .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева**  и наведе дали не  се излегува надвор од надлежностите на претседател на советот со оглед да  реферирала од кои причини нема пријавено претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека не е повикана дека само ја нарушува процедурата  според  Деловникот кој  дозволува само по конкретно прашање.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека  претседателот  се заканил дека предмет на анализа ке биде нејзината работа по однос на ненавремено постапување по претставките.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека само по однос на претставките.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека се надева дека нема да исчезне тонскиот запис како многу други .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во овој момент членот на Советот Лорета наведе дека се надева дека и овој тонски запис нема да биде избришан како многу други, па  да се провери дали има бришано тонски записи.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека таа кажала да исчезне.

*Се констатира дека членот на Советот Ивица Николовски повторно е присутен на седницата.*

Претседателот на Советот **Весна Дамева**  му даде збор на членот на Советот  **ИВИЦА НИКОЛОВСКИ**  во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ја изложи пријавената претставка.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот

За збор се јави членот на Советот Х**аниф Зендели** и наведе дека многу јасно се случува на терен кога судијата заборавил да штиклира или да превземе десјтвија ,  но дали е така да с е провери на терен состојбата **.**

За збор се јави членот на Советот **Ивица Николовски** кој изјави дека можеби има технички пропуст околу штиклирањето но факт е дека е поминат извесен  временски период но дали има технички пропуст тоа координаторот да го провери

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева**  за да потврди дека датум на одлука е датум кога истата е објавена и тој датум стои на конкретната пресуда, во моментот кога ке биде изготвенаи формално за да може да биде пратена до странките треба да трпи верификација од стран ана судијата како завршна одлука или како кажа судијата Ивица да се штиклира дека се работи за ззвршна одлука.Чисто технички да појасни дека доколу не се верифицира и не се штиклира дека е завршна одлука неможе понатаму преку системот да биде

процесуирана и доставена до странките.Може да се работи и з а технички пропуст, тоа треба да се види, некогаш се случува да физички биде пуштена но електронски да не биде пуштена кога има и многу предмети во работа.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по расправата, го стави на гласање предлогот на известителот по изложената претставка УПП бр.08-84/23.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП бр.08-84/23** се однесува на судија на Основен суд Гостивар поради неподнесување одлука во одреден законски рок по предметот П1 бр.258/20 по кој била одржана главна расправа на 17.11.2021година а закажана објава на 24.11.2021година и оттогаш судот го нема известено подносителот за донесената одлука, како и тоа дека се работи за предмет во кој не е испочитуван рокот од 6 месеци за постапување согласно Законот во спорови за смеќавање .Од прибавената изјава од судијата кој постапува по предметот произлегува дека во однос на рокот од 6 месеци за постапување со оглед да се работи за покомплициран предмет, каде во текот на постапката се изведени докази, увид на лице место со вешти лица, а е потребно време за изготвување на вешт наод, изведување докази сослушување на сведоци и странки па од таа причина временски било невозможно да се заврши во рок од 6 месеци.Во однос на наводите за изработка на судската одлука судијата наведува дека предметот е завршен, изготвена е одлука со која се одбива тужбеното барање , па според судијата од тие причини се поднесува претставката , но наведува дека одлуката поради проблеми со доставата уште не е правосилна . Наведува дека од страна на судот направени се обиди за повторна достава за да се обезбедат услови за истиот да стане правосилен или доколку има жалба до Апелациониот суд Гостивар ќе биде предмет на жалбена постапка.За проверка на наводите Советот изврши увид во Контролникот за работа на судовите кој се наоѓа во електронскиот систем на Судскиот совет и за тоа што е евидентирано во електронското досие на конкретниот предмет. По увидот се констатира дека во електронското досие на предметот донесената одлука П1-258/20 на 17.11.2021година , е објавена и завршна на 01.12.2022 година што укажува на непочитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на судска одлука во конретниот случај. Советот најде дека претставката е основана и истата ќе биде проследена до членот на Советот, координатор за работата на Основен суд Гостивар на запознавање и натамошно постапување .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **СЕЛИМ АДЕМИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки со оглед да истиот ќе треба на кратко да ја напушти седницата.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот **.**

По излагање на Претставка УПП бр.08-30/23 за збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и праша дали има изјава од судијата.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** кој анведе дека има изјава но не е скенирана, па може да се повлече и ке биде скенирана за наредна седница.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и смета дека идентично за сите преставки кои се некомплетни да се одлучува , дека не се сомнева во ничие излагање но смета дека треба да ни бидат на увид сите документи .

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** наведе дека ова с е наводите од судијата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека не е во ред да чекаат странките да ги скенираме па наредниот месец ете таму на крај на април ќе го добијат одговорот по оваа претставка

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека одговорноста е наша .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека ги има и изјавите од судиите , постои начин да се прочитаат, но дека нема разбирање .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и навед е дека генерално бара за сите а не селективно а се постапува , а очигледно до сега не се случувало и неможе во 90% од предметите кои денес се елаборираат а имаме толку малку претставки а сме имале да елабориране и по 15 претставки сега да бидат некомплетни документите и д а ги немаме на увид . Тогаш на кој начин ќе се запознае било кој од нас со изјавите освен ако не бидат ставени во материјали на разгледување. Наведе деке само сака да се вооедначи праксата и да сме неселективни а нашата одговорност за наше непостапување неможе да се префрла на друг.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и наведе дека овој случај е идентичен како со случајот на судија Мирјана каде го прочита произнесување по наводите .таа верува на ова што го слушнала и на она што го кажал известителот како произнесување дека одлуката е потврдена, и ако е така станува збор за жалбени наводи, па смета дека има основ за одлучување.Тоа е нејзиниот став.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека не се согласува дека е идентичен случај со случајот на Мирјана, таму беше вчера добиен поднесок и се прочита содржината заради невозможност да биде ставена во материјали а тука ние веќе вративме предмети на доработка заради тоа што не ни беа доставени скенирани изјави.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека бидејќи ке има пауза дали освен колешката Лорета друг бара да с е ископираат материјалите за кои има време да бидат прочитани или да се затвори претставката.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и изјави дека неможе да не ми се даде збор во врска со претставката. Побара идентично постапување а доколку има нешто посебно по кое да се издвои овој предмет од сите други за тоа треба претседателот да се произнесете, и во тој случај требаше да се дадат и сите други материјали од колегите .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** изјави дека во интерес на колегијалноста ќе се повлече претставката, но на Весна како генерален секретар се укажува да достават сите стручни соработници изјава до генералниот секретар за причината од која не биле доставени материјалите, бидејќи товарот с е префрла на претседателот на советот се претпоставува на Судскиот совет каде имајки предвид дека никогаш досега не с е случило а да не се прават било какви сомнежи и во иднина да не се повтори бидејќи генералниот секретар треба да ги организира седниците .

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека **н**ема вина ниту Весна ниту стручната, тој ја пријавил претставката без одговор, и во меѓувреме е стигнат одговорот кој но не е даден за скенирање .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** изјави дека **с**едниците ги закажува 7 дена пред и го почитува законскиот рок, па било кој од членовите ако сметал да се запознае имал можност да побара материајли, но очигледно не е побарано и во иднина да не се одлагаат за на странката да и се одговора после месец, два .

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** и во однос на тоа што денес се дискутира за конкретната претствака бара неселективно постапување за секоја одлука и за секоја претствака и дека неможе на членовите кои денес треба да одлучуваат по претставките да не ни бидат ставени материјалите.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека претставката **УПП бр.08-30/23** се повлекува

По расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по претставките УПП.бр.08-456/22, УПП.бр.08-3/23, УПП.бр.08-81/23 и УПП.бр.08-93/23

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП.бр.08-456/22** во врска со незадоволство од незаконско, несовесно и неажурно постапување на судија на Основен суд Кочани по предметите К.бр.161/22, К.бр.133/22 и К.бр.139/22 со барање Советот да поведе постапка за утврдување одговорност на судијата наведена во претставката. Советот утврди дека судијата кој постапувал по предметот ги почитувал законските рокови и не постапувал надвор од границите на законските одредби. Дел од наводите во претставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува што произлегува од чл.13 ст.3 од Законот за судови. По однос на наводите на подносителот Советот да покрене постапка за утврдување одговорност на судијата, подносителот се известува да доколку наоѓа дека за потребно може самиот да поднесе барање за утврдување одговорност на судија согласно Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија.

**Претставка УПП.бр.08-3/23** во врска со незадоволство од постапување на судија од Основен суд Гостивар која постапувала по предметите П1-189/22 и П1-190/22, како и судиите од Апелационен суд Гостивар кои постапувале по предметот ГЖ-817/22 по жалба на решението П1-189/22 од 11.7.2022 година. Наведено е дека подносителот има основано сомнение дека судиите постапувале спротивно на законските одредби, се вршел селективен пристап по однос на предложените докази. Наводите во претставката се жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува што произлегува од чл.13 ст.3 од Законот за судови каде е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

**Претставка УПП.бр.08-81/23.**Советот констатира дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесени претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.27/22 од 14.01.2022 која била разгледана на одржана седница на Советот на 28.02.2022 година, УПП бр.08-446//22 од 21.11.2022 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 26.01.2023 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

**Претставка УПП.бр.08-93/23** Советот констатира дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесена претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.239/22 од 07.06.2022 која била разгледана на одржана седница на Советот на 28.09.2022 година, и оценета како неоснована за подносителот бил известен. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

*Се констатира дека заменик претседателот на Советот Селим Адеми ја напушти седницата.*

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **МИРСАД СУРОЈИ** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

*Се констатира дека заменик претседателот Селим Адеми се врати на седницата.*

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот **.**

По расправата по **Претставка УПП бр.08-9/23** , известителот членот на Советот **МИРСАД СУРОЈИ** изјави дека ја повлекува за дополнителни извиди на наводите во истата.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП бр.08-439/2, УПП бр.08-463/22. и УПП бр.08-22/23

По предлогот на известителот за претстваката УПП бр.08-439/2, се констатира дека едногласно, со 9 гласа „За“ и 2 „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

Претставка **УПП бр.08-439/22** Во претставката подносителот изразува незадоволство од незаконско, несовесно и неажурно постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје по предметот К.бр.1666/18. Имено, како што е наведено во самата претставка иако настапила апсолутна застареност на кривичното гонење, судијата ја продолжила постапката по предметот и закажала рочишта. Воедно од денот на последната расправа 01.03.2022 година, кога јавниот обвинител се откажал од кривичното гонење па се до 05.12.2022 година судијата не изготвила и доставила формална одлука за одбивање на обвинението.По направени извиди во наводите во претставката, како и согласно добиената изјава од судијата која постапувала по предметот Советот најде дека предметот К.1666/18 е оформен предмет во 2017 година по обвинителен предлог КО 3 бр.332/16 и од закажаните расправи во периодот од 01.02.2018 година до 01.03.2022 година, во период од 4 години одржани се само 3 расправи, за на ден 01.03.2022 година судот донел решение заради настанување на апсолутна застареност на кривичното гонење за дело за кое се гони обвинетата по член 353 став 1 , а во врска со член 45 од КЗ.Имено, како што и погоре е навеведено апсолутната застареност на кривичното гонење како што појаснува подносителот настанува на ден 21.08.2021 година, но и покрај тоа судот ја продолжил постапката и закажал 5 нови рочишта и тоа за ден 21.09.2021 ; 26.10.2021; 30.11.2021; 25.11.2021 и 01.03.2022 година и дека на последното рочиште ОЈО го повлекува обвинението за обвинетат поради настанување на апсолутна застареност. Решението од страна на обвинетата е лично примено на ден 28.12.2022 година.Видно од доставената изјава од судечкиот судија по предметот произлегува дека предметот е оформен против 8 обвинети, под број К.бр.889/17. На закажаното рочиште за главна расправа на ден 20.09.2018 година, еден од обвинетите ја признал вината, па судот со решение ја раздвоил постапката против обвинетиот од останатите обвинети, по што е оформен нов предмет под К.бр. 1666/18 . По раздвојување на постапката закажани се повеќе рочишта и поголем дел од нив се одложени поради не доаѓање на некој од обвинетите или застапникот на обвинетите, иако биле уредно повикани, не се јавиле на поканата, дел го оправдувале своето отсуство со медицинска докумнетација. Исто така, судечкиот судија во својата изјава по предметот истакнува дека дел од рочиштата се одложени поради пандемијата кога се постапувало само по итни и притворски предмети, а дел поради отсуство на некој обвинети поради тоа што биле позитивни на Корона висусот. Воедно, судијата наведува дека во периодот 2021 и 2022 година приливот на предмети со кои судијата била задолжена бил голем, неколку пати укажувала на колегиумите во одделот и поради тие причини решението за запирање на постапката е изготвено со задоцнување. Од спроведените извиди во постапката и видно од наводите и увидот во списите на предметот произлегува дека преставката

е основана. Во таа смисла, Советот ќе продолжи да ја следи работата на судијата и истото ќе го земе предвид при оценувањето.

По гласањето по предлогот на известителот по претставките УПП бр.08-463/22 и УПП бр.08-22/23 се констатира дека едногласно, со 11 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП бр.08- 463/22**. Во претставката подносителот изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Куманово. Наведува дека поднел приговор по Налог за извршување И.бр.901/2022 , а судечкиот судија приговорот го одбил како ненавремен. Истакнува дека истиот го запазил законскиот рок за поднесување на приговорот. Исто така, во преставката изразува незадоволство зошто налогот за судска такса му стигнал после 4 месеци. По направени извиди во наводите во претставката, Советот најде дека наводите во претставката се жалбени наводи по кои не е надлежен да постапува. Имено согласно чл.13 ст.3 од Законот за судови е предвидено дека судска одлука може да се менува или укинува само од надлежен суд во постапка пропишана со закон. Согласно членот 11 од истиот закон судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оценка на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

**Претставка УПП бр.08-22/23** констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесени претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.327/22 од 14.09.2022 која била разгледана на одржана седница на Советот на 26.10.2022 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен.Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка, односно предлог ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапка, заради што Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека по однос на основаните претставки е донесен заклучок па сите извештаи од извидите , а со оглед да од јануари се води и регистар за овие претставки, да се доставуваат до писарница за да се разгледуваат од Советот како точка на дневен ред.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека претставките за кои има евиденција дека се основани да се доставуваат и физички до координаторот .

Претседателот на Советот **Весна Дамева** кажа дека токму од таа причина е воведен и регистар на претставки.

За збор се јави членот на Советот **Лорета Горгиева** која наведе дека до генералниот секретар има доставено службена белешка со сите списи за основана претставка за тоа што превземала и констатирала . Службенаат белешка и била вратена затоа што треба да биде во форма на извештај иако тоа до сега не е дискутирано и од стручните тоа е направено , па истата содржина од службената белешка е ставена како извештај. Побара овој извешатј да биде ставен денес на точка на дневен ред затоа што се работи за седница на која се расправа за претставки и смета дека извидите и известувањето до Советот треба да биде ставено на оваа седница., но од кои причини не е ставена незнае па побара да биде ставен на наредна седница.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** изјави дека до овој момент генералниот секретар ја нема известено. Наведе дека Извештај треба да доставуваат членовите до Советот

а не службена белешка затоа што Советот нема што да одлучува по службени белешки. Постави прашање до генералниот секретар за причината поради која не е известана за овој извештај.

За збор се јави генералниот секретар **Весна Толева** и изјави дека извештајот и бил даден откако е објавено соопштението за седницата и ќе биде ставен на наредна седница како материјал

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека овој извештај ќе биде ставен на дневен ред на наредна седница .

Претседателот на Советот даде пауза во 13.05 часот. По завршување на пауза се продолжи со седницата во 13.35 часот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **МИЉАЗИМ МУСТАФА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП бр.08-59/23, УПП бр.08-80/23 и УПП бр.08-104/23.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка УПП бр.08-59/23** се однесува на постапување на судии на Апелациониот суд Скопје по предмет РОЖ-2130/22.Од прибавена изјава од судиите кои постапувале по предметот РОЖ-2130/22 произлегува дека ценејќи ги жалбените наводи истакнати од должникот Скопје против првостепено решение оценил дека се основани наводите во жалбата дека првостепениот суд неправилно го применил материјалното право кога со решение го одбил приговорот на должникот. Ова поради тоа што со извршна исправа правосилна пресуда на Апелациониот суд Скопје РОЖ-857/21 од од 09.02.2022 год. должникот бил должен да ја врати тужителката поднсоител на претставката , сега доверител , на работно место определено со договорот за вработување на кое била вработена пред донесување на одлуката за распоредување. Извршителот со налог за извршување го задолжил должникот да ја врати поднсоителката на работно место кое задолжување како такво не постои во извршната исправа и со тоа извршителот сторил неправилности односно спротивно на Законот за извршување спроведувал извршување вон изреката на извршната исправа. Од овие причини второстепениот суд ја уважил жалбата на должникот и го преиначил првостепеното решение .Судскиот совет констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оцена од непосредно повисок суд како единствено надлежен да ја оценува законитоста на донесената одлука, па врз основа на констатациите истата да ја потврди, укине или преиначи, а ова во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите според кој “Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон“.

**Претставка УПП бр.08-80/23** се однесува на постапување на судии на постапување на судии на Виш управен суд по предмет УЖ-1 бр.29/22.Од прибавена изјава од судиите кои постапувале по предметот УЖ-1 бр.29/22 произлегува дека пред Вишиот упрвен суд оформен е предмет по жалба на тужителите и жалба од заинтересирано лице против пресуда на Управниот суд У-2 бр.19/21. Вишиот управен суд донел пресуда УЖ-1 бр.29/22 со која жалбата на тужителите и на заинтересираното лице ги одбил како неосновани и ја потврдил пресудата на Управниот суд.Вишиот управен суд пресудата ја донел согласно со член 1, член 2, член 8 став 1, член 37 став 1 и 2 и член 38 став 1 од Законот за денационализација како и член 11 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на

денационализација. Имено, Вишиот управен суд наоѓа дека Управниот суд правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и врз основа на тоа правилно ги применил одредбите од Законот за денационализација и од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација.Судскиот совет констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оцена од непосредно повисок суд како единствено надлежен да оценува законитост на донесена одлука и Вишиот управен суд ги образложил причините за начинот на одлучување по сите суштествени жалбени наводи и неспорно утврдил дека првостепениот суд донел правилна одлука.

**Претставка УПП бр.08-104/23** се однесува на постапување на судии на Апелациониот суд Гостивар по предмет КЖ бр.565/22.Од прибавена изјава на судиите кои постапувале по предметот КЖ бр.565/22 произлегува дека неосновани се наводите на подносителот дека при донесување на одлуката не го ценеле во доволна мера доставениот доказ Извештај од кој би се утврдило дека приватниот тужител бил нападнат од обвинетиот и му се нанесени телесни повреди затоа што по спроведена доказна постапка и совесна и грижлива анализа и оценка на секој доказ поединечно и на сите во склоп на една целина овој суд утврдил дека првостепениот суд правилно го ценел извештајот, а кои околности наоѓаат поткрепа и во вештиот наод и мислење како доказ предложен од одбраната, а за што првостепениот суд дал доволно образложени причини кои во целост ги прифаќа и овој суд.Судскиот совет констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле предмет на оцена од непосредно повисок суд како единствено надлежен да оценува законитост на донесена одлука и Апелациониот суд Гостивар ги образложил причините за начинот на одлучување по сите суштествени жалбени наводи и неспорно утврдил дека првостепениот суд донел правилна одлука.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на членот на Советот **ПАВЛИНА ЦРВЕНКОВСКА** во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот ги изложи пријавените претставки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа по излагањето на известителот и по расправата, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки УПП.бр. 08- 55/23 и УПП.бр.08-86/23.

По гласањето констатира дека едногласно, со 11 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната

О Д Л У К А

**Претставка Упп.бр.08- 55/23**- судијата не го доделил предметот самиот на себе, имено предметот му бил прераспределен во работа по завршување на мандатот- претседател на судот во јули 2021 , согласно Судскиот деловник и врз основа на автоматска распределба на предметите. По однос на наводите во претставката за тоа дека биле донесувани други пресуди , пред тој да ја донесе последната пресуда на која се однесува претставката, -до стапување во сила на новиот Закон за управните спорови (Сл. весник на РСМ бр. 96/19) Управниот суд постапувал по изјавени тужби во совет на нејавни седници, а со стапување во сила на новиот Закон за управните спорови, составот на судот во смисла на одредбите од чл. 16 став 2 од Законот , судија поединец одлучува во управен спор во прв степен во спорови чиј предмет изразен во парична вредност не го надминува износот од 10 .000 евра во денарска противвредност или спорови во кои се оспорени само процесни дејствија во кои конкретниот предмет не го надминува вредносниот праг утврден во погоре цитираниот член произлегува спорот да биде суден од страна на судија поединец.Воедно согласно член 13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука согласно наведената законска одредба може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, имено во конкретниот случај вложена е жалба на

23.01.2023 година по која второстепениот – Виш управен суд ќе донесе своја одлука . Со оглед на наведеното, во рамките на надлежностите предвидени со Устав и закон, не се најдени основи за постапување на Советот. Доставено е известување до судијата за неоснованоста на претставката .

**Претставка Упп.бр. 08-86/23**.Во конкретниот случај се работи за претставка во која се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје, меѓутоа со допис заведен под број УПП.бр 08-86/4 од 01.03.2023 година подносителот доставил известување со кое претставката ја повлекува. Со оглед на наведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија, констатира дека најсоодветно е предметот да се смета за завршен и истиот да се архивира.

**Точка 5**
**Разно**

1.Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека до Советот доставена е покана од претседателот на Врховниот суд на РСМ за проширена седница на 28.03.2023 година во салата на 5 кат во 10 часот во Врховниот суд и упатена е до сите членови, па сите заинтересираните да се пријават кај техничкиот секретар во текот на денот.Лично таа наведе дека досега не присуствувала на ваква седница и би присутвувала и од причина што соработката е неопходна .

2.Претседателот на Советот **Весна Дамева** го запозна членовите на Советот дека од Собранието на Република Северна Македонија доставен е заклучок со кој Собранието известува дека е усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за 2021 година. Овој заклучок заедно со извешајот се доставува на запознавање до Советот. Останува извештајот за работата на Советот за 2022 година кој е доставен до Собранието минатиот месец .

3. Претседателот на Советот **Весна Дамева** по однос на посетата во Тирана имајќи ја предвид заложбата на Судскиот совет за компаративни искуства кои би можеле и ние да ги имплеменмтираме, успешно заврши и благодарност до колегата Миљазим Мустафа кој успеа да ја организира таа средба а стекнатите искуства ќе се елаборираат на работен состанок .

По исцрпување на оваа точка од дневниот ред се констатира дека е исцрпен дневниот ред од 435-та седницата и истата заврши во 13.50 часот .

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**Судски совет на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател,**
**Весна Дамева**

Изработил: Јулијана Георгиевска, државен советник
Одобрил: Весна Толева , ген.секретар